Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-1355/3

Дата: 18.05.2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До:Тим за преговори со Макстил АД-Скопје

Предмет: Записник од четвртиот состанок за преговори со Макстил АД-Скопје

# ЗАПИСНИК бр.4

Преговори за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, помеѓу МЖСПП и Макстил АД-Скопје.
Четвртиот состанок е одржан на 04.04.2012 год во просториите на МЖСПП, со почеток во 11.00 часот.

Присутни:

**Тим за преговарање на МЖСПП:**

- Филип Иванов, Директор на Управата за животна средина при МЖСПП;
- Назим Алити, раководител на Одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето;
- Димитар Младеновски, советник за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (Пишувач на дозволата)
- Маријонка Виларова, помошник раководител на Македонски информативен центар за животна средина;
- Круме Кочов, Државен инспектор за животна средина;
- Ирена Николоска, советник за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (записничар)

**Тим за преговарање на Макстил АД-Скопје:**

- Нове Георгиевски, Пом. Ген. Директор за заштита, екологија и осигурување;
- Љупчо Алтипармаков, Пом. Ген. Директор за унапредување на производство и развој;
- Митко Кочовки, Директор за стратешко планирање, финансиски инженеринг, економски истражувања, информации и анализи;
- Елена Ивановска-Видинова, инженер за екологија;

**Претставник од Општина Гази Баба:**

- Надица Трајковска, Референт за заштита на животна средина (Општина Гази Баба);

Четвртиот состанок на тимовите за преговори го отвори Назим Алити, раководител на Одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето во Управата за животна средина при МЖСПП. Изложено беше дека записникот од третиот состанок бил уредно испратен на тимовите за преговори и потпишан од нивна страна, со што се констатираше дека записникот е усвоен. Потоа од страна на Димитар Младеновски беше предложено да се разгледаат точките на активност предвидени со оперативниот план и за нив да се донесе конкретен став со рок за реализација:

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

1. **Точка 9.1.1.1 Имплементација на ИСО 14001**

- Воведување на стандард ISO 14001 со политика за животна средина и одговорност;

Димитар Младеновски произнесе дека Макстил АД - Скопје ќе го имплементира ISO 14001, но нема да го сертифицира.

Од страна на претставниците на Макстил АД – Скопје беше кажано дека екстерниот проверувач бил присутен во инсталацијата, констатирал недостатоци и континуирано ќе врши проверки и сугестии од негова страна до целосно комплетирање на документацијата . Оваа точка нема да се разгледува понатаму и останува нејзината примена како обврска на Макстил.

2. **Точка 9.1.1.2 Испитување на подземни води**

- Детално хидрогеолошко испитување со испитување на минерални масла и тешки метали во подземните води;
- Правење на бушотини за испитување на подземната вода (поставување на пиезометри)

За оваа активност беше повторно нагласено дека оваа активност е законска обврска на инволвираните инсталации и истата треба да се реализира. Истите ќе треба да пристапат кон реализација во најкус реален рок.

Од страна на претставниците на МЖСПП беше посочено дека 25.12.2012 година е рокот предвиден за реализација на оваа активност.

3. **9.1.1.6 Дисперзија и моделирање на емисиите во воздухот**

- Дисперзија и моделирање од главните извори и оценка на влијанието за $NO_x$ и прашина

Димитар Младеновски, посочи дека е разговарано со раководителот и советници од М.И.Ц за влез на оваа активност како дел од Твининг проект за квалитет на воздух.Од нивна страна беше потврдено дека има можност за вклучување на Макстил АД-Скопје како дел од проектот. Од страна на носителот на проектот било посочено дека ќе се потрудат за

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

нашиве потреби преку проектот да ги добијат потребните податоци, и да го изработат моделирањето. Од групата која работи на проектот останува да се утврди финансискиот дел.

За реализацијата потребно е Макстил да ги доставува бараните информации со кои располага или истите да ги обезбеди.

Филип Иванов, побара од страна на претставниците на проектот да се направат пресметки за потребите за оваа активност и истите да се достават до МЖСПП.

Ова моделирање ќе овозможи споредба на податоците на двата модела. Посочувајќи дека од резултатите на ова моделирање можно е да произлезат некои дополнителни заклучоци и активности кои би довеле и до ревизија на дозволата.

Маријонка Виларова, објасни дека моделирањето нема да биде како дел од проектот, односно во рамките на проектот е предвиден дел од проектот во кој е предвидено моделирање од идентификувани поголеми загадувачи. Тоа не е голем број на инсталации, но од страна на Сари (експертот од Финска) е направен обид Макстил АД-Скопје да биде дел од тие неколку инсталации, притоа нагласувајќи дека не станува збор за студија за моделирање.

4. **9.1.1.9 Физичка поделба на таложните базени на Макстил и АрцелорМиттал**

- Физичка поделна на таложните базени на Макстил и АрцелорМиттал

Нове Георгиевски, укажа дека нема напредок во соработката со АрцелорМиттал.

Филип Иванов, посочи дека од страна на МЖСПП треба да се достави писмо до АрцелорМиттал во кое во рок од 7 дена се бара од АрцелорМиттал да достават информација до МЖСПП што планираат да преземат во однос на оваа активност ,изразено во датуми и динамика на реализација

Макстил ќе пристапи со реализација на оваа активност по таа динамика.

5. **9.1.1.10 Изведба на нова таложна јама кај емисиона точка SW1**

- Изведба на нова таложна јама за прифаќање на талогот од водениот филтер и перењето на платото на мелницата, емисиона точка SW1

Нове Георгиевски, кажа дека од страна на Макстил било доставено кратка информација дека 2010,2011 година не е работено со оваа мелница и според сегашната ситуација не се

очекува дека ќе се користи оваа мелница. Потребите ги решаваат со увоз на припремено старо железо .

Димитар Младеновски, посочи дека кога дел од инсталацијата е опфатен со дозволата, за него се пропишуваат параметри и мерки за решенија. Доколку инсталацијата смета дека некој дел од постројката нема да го користи, тогаш тие се должни за таквата измена да го известат Министерството за животна средина и тој дел од оваа постројка ќе биде одземен од дозволата.

Филип Иванов, побара од страна на претставниците на Макстил да биде доставена информација дека оваа мелница нема да се користи, како ќе биде постапено со истата, како и планирани мерки за ремедијација или постапување со просторот на кој се наоѓа мелницата.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**6. 9.1.1.11 Складирање на талог од мелница и изнаоѓање начин за негово рециклирање**

Димитар Младеновски, посочи дека од страна на Макстил е доставена кратка информација во однос на оваа активност но истата не е комплетна и табеларниот приказ не одговара количински. Од инсталацијата побара да се достави информација во која ќе бидат доставени реални податоци за фактичката состојба, составот и количините на веќе постоечката мил.

**7. 9.1.1.15 Складирање на троска и изнаоѓање начин за нејзино рециклирање**

- Изработка на проект, постројка за гранулирање на троската со вода
- Реализација на проект

Филип Иванов, посочи дека за депонијата за троска според новите законски прописи задолжително е да се има оператор за индустриска депонија, компанија која има дозвола за таа дејност. Овиие дозволи ќе бидат интегрирани во А- Интегрираната дозвола.

Нове Георгиевски, кажа дека од нивна страна се разгледани сите можни решенија за постапување со троската, но засега според моменталниот пазар и економска исплатливост не е изнајдено решение. И затоа побара подолг временски рок за реализирање на оваа активност.

Филип Иванов, кажа дека оваа активност дозволува да се пропише подолг временски период и беше одлучено како краен рок за реализација на оваа активност да биде април 2014 година.

Митко Кочовки, посочи дека оваа активност е зависна и од дефинирање на количините кои пак се зависни од производниот капацитет кој во овој момент не е константен.

Филип Иванов, задолжи во рок од 15 дена од страна на Макстил да ни се достави допис во кој се бара од страна на МЖСПП да се достави информација до Влада на РМ во која се бара употреба на троската како тампон при изградба на патишта. Информацијата доставена од Макстил треба да е опширна и треба да содржи податоци како што се: количини, финансии, цени,состав и придобивки од ваквата примена на троската.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

8. **9.1.1.16 Склаирање на огноотпорен материјал и изнаоќање начин за негово целосно рециклирање**

- Складирање на огнотпорен материјал (шамот) на соодветен начин и изнаоѓање на решение за негово целесно рециклирање

Нове Георгиевски, кажа дека од нивна страна е доставена информација до МЖСПП во кој е кажано дека најголем дел од овој отпад претставува градежен шут. Дел од овој отпад се враќа во произвоството, а оној дел кој останува како градежен шут се складира.

Филип Иванов, праша на кој начин се складира овој отпад и дали е запазен законот за складирање на инертен отпад.

Од претставниците на Макстил беше кажано дека при складирање на овој закон ќе ги запазат законските прописи за складирање на ваквиот материјал.

9. **9.1.1.17 Складирање на талог од таложниците и изнаоѓање на начин за негово рециклирање**

Од страна на МЖСПП двете инсталации ќе се задолжат да ги испразнат базените и да најдат решение за талогот.

10. **Точка 9.1.1.7 Инсталирање на постројка за прифаќање на секундарни емисии од ЕЛП, КП и систем за додатоци, точка 9.1.1.3 изградба на складиште за филтерска прашина, и точка 9.1.1.4 спроведување на мониторинг на сите емисиони точки како 1 точка на активност**

Нове Георгиевски, повторно ја објасни реалната ситуација со која се соочува инсталацијата како и постојаната тенденција за намалување на производниот капацитет. Посочувајќи дека ако нема производство во најмалку две смени за кое засега е спорно, не се гледа перспектива за реализација на оваа активност заради финансиски пречки со кој се соочува инсталацијата.

Филип Иванов, кажа дека ние имаме разбирање за реалната ситуација, но МЖСПП како институција има обврска да се придржува кон законот за животна средина, а истиот забранува видлива емисија од страна на инсталацијата. Кај оваа инсталација при секоја шаржа се емитува видлива емисија за која

[redacted]

и не е потребно мерење зошто е видлива и со голо око, посочувајќи дека се добива впечаток дека постојано се одложува решавањето на овој проблем. Повторно беше нагласено дека според законот за животна средина, ние како институција краен рок кој можеме да го пропишеме за реализирање на било која активност е Април - 2014 година. Секое продолжување на реализацијата преминува во надлежност на Владата на РМ.

Од страна на присутните на двата преговарачки тима беше одлучено од страна на Макстил да се добие информација до МЖСПП во која ќе се објасни моменталната ситуација со која се соочува инсталацијата при работењето. Информацијата треба да е опширна и треба да содржи податоци за нивното досегашено ангажирање за изнаоѓање на поволни финансиски средства за реализација на оваа активност. . Со оваа информација МЖСПП ќе се обрати до Владата на РМ за можни решенија за реализирање на оваа активност.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**11 Како дополнение на овој состанок на преговори беше дискутирано:**

Нове Георгиевски, кажа дека постојната пескара е со изминат рок, и се јавува потреба за нова пескара. Новата пескара ќе биде на нова локација.

Филип Иванов, кажа дека во однос на оваа активност потребно е да се достави од страна на Макстил известување за намера до МЖСПП.

Назим Алити, кажа дека во однос на изготвената нацрт дозвола треба да се одржи Јавна расправа. Во однос на Јавната расправа од страна на претставниците на ИСКЗ ќе се достави информација за начинот на организирање на Јавна расправа.

Записничар:
Ирена Николоска

Потпишување на учесниците на преговорите:

1. Филип Иванов ____________
2. Назим Алити ____________
3. Димитар Младеновски ____________
4. Маријонка Виларова ____________
5. Круме Кочов ____________
6. Ирена Николоска ____________
7. Нове Георгиевски ____________
8. Љупчо Алтипармаков ____________
9. Митко Кочовки ____________
10. Елена Ивановска-Видинова ____________
11. Надица Трајковска ____________